АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-13887/2
26.06.2024 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 168-ма редовна седница одржана на ден 26.06.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Условите за патничко осигурување**

1. **Се врши измена на Условите за патничко осигурување, во ОДДЕЛ 2 ЗДРАВСТВЕНА ПОМОШ И ОСИГУРУВАЊЕ, на начин што во членот 17 – Ризици опфатени со здравстена помош и осигурување, се додава нов став (7) кој гласи:**
„ Полисата не покрива трошоци за амбулантно и/или болничко лекување на итни случаи спроведени надвор од вообичаените трошоци за лекување во земјата на штетниот настан односно не се прифаќаат трошоци за лекување во специјализирани приватни клиники (специјализирани клиники за спортски повреди, специјализирани кардиолошки клиники и сл.).“

2. Пречистен текст на Условите за патничко осигурување е составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.08.2024 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*м-р Марија Томеска*